РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-100/1
29.03 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 12 став 2 точка 6 од Статутот на Националната Установа „Оркестар за џез музика на Р. Северна Македонија" – Скопје и одредбите од Колективниот договор за култура („Службен Весник на Р. Северна Македонија" бр. 10/2020), Директорот на Националната Установа „Оркестар за џез музика на Р. Северна Македонија" – Скопје, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ОРКЕСТАРОТ ВО НУ ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РСМ – СКОПЈЕ

## I. ВОВЕД

Со овој правилник се уредува начинот на организирање на процесот на работа на Националната Установа „Оркестар за џез музика на Р. Северна Македонија" – Скопје (понатаму: Оркестарот/Установата), утврдување и објавување на програмата и планот за работа, подготовките за почеток со работа, работно време и термини за работа, услови за гостување на установата во кои учествува оркестарот и други прашања од значење за работниот процес на оркестарот.

## II. РЕПЕРТОАР

• Установата е должна да ја истакне годишната програма пред почетокот на секоја сезона, со точно утврден план и програма за работа односно наслови на концерти и останати јавни настапи . Доколку, поради објективни причини има потреба од одредени промени на програмата или планот на работа, директорот во консултација со диригентот и концерт мајсторите ги утврдуваат промените и за истите навремено ги известуваат вработените.

• Нотниот материјал за премиерен концерт треба да биде припремен од страна на музичкиот архивар најмалку 15 дена пред почетокот на првата заедничка оркестарска проба. Обврска на нотниот архивар е уредно да ги коригира сите штимови доколку е потребно (скокови и сл.).

• Нотниот материјал мора да биде во добра состојба, прегледен и јасно разбирлив.

• Нотниот материјал мора да биде одобрен од нотниот архивар кој по потреба ќе го прегледа истиот со концерт мајсторите, водачите на групите и првите дувачи од оркестарот.

• Концерт мајсторите, водачите на групите и првите дувачи се должни да го средат нотниот материјал најдоцна 7 дена пред почетокот на првата заедничка оркестарска проба.

• Во периодот од 15 дена пред почетокот на првата заедничка проба на оркестарот, секој музичар оркестрант е должен да го земе нотниот материјал заради поединечна подготвеност (важи само за Премиери). Позајмениот нотен материјал, музичарот е должен да го евидентира кај музичкиот архивар. За позајмениот нотен материјал кој е изгубен или оштетен од страна на музичарот, истиот одговара материјално, односно ќе ги надомести трошоците за нов.

## III. ОБЕМ НА РАБОТА, ТЕРМИНИ И РАСПОРЕД НА ПРОБИ И КОНЦЕРТИ

### 1. НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

• За усвојување на годишната програма на Националната Установа „Оркестар за џез музика на Р. Северна Македонија" – Скопје, Директорот е должен да свика Уметнички совет на установата составен од Директорот, Диригентот и Концерт мајсторите.

• Директорот на установата е должен да изготви месечен план за работа на установата.

• Месечниот план за работа потребно е да се објави на огласна табла најдоцна 15 дена пред почетокот на месецот.

• При изработка на распоредот за работа, должни се да учествуваат диригент и концерт мајсторите.

• Објавениот распоред на работа може да се менува само од страна на директорот во соработка со диригентот и концерт мајсторите. Во итни случаеви директорот има право да го промени распоредот со известување за причините поради кои е направена измената (на пример: одложен лет, болест на диригент, елементарна непогода и сл.).

• Секој распоред за работа мора да биде потпишан од директорот или од лицето кое го заменува.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТА И НОРМАТИВИ ВО РАБОТА

### РЕПРИЗИ (ТЕКОВЕН РЕПЕРТОАР)

• Доколку растојанието помеѓу два концерта од исти наслов е до 20 дена или помалку, треба да се одржи од една до три заедничка проба на оркестарот, особено ако се работи за покомплексен концерт или во случај да има гостување на диригент или солист (без генерална).

• Доколку растојанието помеѓу два концерта од ист наслов е од 21-60 дена, потребно е да се одржат 4 оркестарски проби (без генерална).

• Доколку растојанието помеѓу два концерта од ист наслов е од 2-6 месеци, потребно е да се одржат најмногу 5 оркестарски проби (без генерална).

• Доколку растојанието помеѓу два концерта од иста наслов е подолго од 6 месеци, потребно е да се извршат сите потребни проби како да се работи за ОБНОВА (во зависност од комплексноста на концертот).

### ОБНОВИ

• Доколку растојанието помеѓу два концерта од ист наслов е од 7-18 месеци, потребно е да се одржат најмногу 6 оркестарски проби (без генерална).

• Доколку концертот не бил на репертоар повеќе од 18 месеци, бројот на оркестарските проби ќе се одреди во договор со Директорот, концерт мајсторите и диригентот на концертот.

### ПРЕМИЕРИ

• Потребно е да се одржат 10 оркестарски проби за премиера на концерт (во зависност од тежината на материјалот, бројот на пробите може да биде зголемен/намален).

• На оркестарските проби како и на генералните проби не смее да се прави проба само на еден процес на работа т.е. само со солисти, само со дувачи, само со ритам секција.

• Најмалку 50% од сите проби за обновите и премиерите должен е да ги води диригентот кој го диригира концертот.

• Ниту еден концерт не смее да се одржи без генерална проба.

### ТЕРМИНИ

• Под „ТЕРМИНИ" се подразбира одржување на делена проба по групи, заедничка проба на цел оркестар, тонска проба, генерална проба и концерт.

• Доколку е потребно да се одржат 2 термина (проби) во ист ден, нивното растојание треба да биде најмалку 4 (четири) часа, едниот термин да е во времетраење од најмногу 3 (три) часа а вториот термин во времетраење од најмногу 2 (два) часа.

• На денот на генералната проба не смее да има друга проба.

• На денот на концертот не смее да има друга проба освен тонска проба која не смее да трае подолго од 2 часа.

• Оркестарската проба трае 3½ часа и тоа:

1 работен час - ½ час пауза - 1 работен час - 15 минути пауза – 45 минути работа. Во одредени случаи, во договор со диригентот, со комплетна согласност на оркестарот, работата може да продолжи непрекинато уште 15 минути.

• Месечниот обем на работа на оркестарските музичари не треба да биде поголем од 18 работни термини, вклучувајќи го и бројот на концертите.

• Бројот на термини се пресметува само за еден календарски месец.

• Во работната недела, слободни денови по правило се сабота и недела. Доколку е договорено концерт да се одржи во сабота, слободните денови ќе бидат однапред планирани во следните денови од идната недела. Во случај на непредвидени ситуации, гостувања и сл. кога не може да се користат слободни денови, со одлука ќе се утврдат деновите планирани за одмор да се користат во други прилики.

• Работата на музичарите на оркестарот не треба да започне порано од 10:00 часот. Ако претходниот ден имало концерт или проба која завршила по 22:00 часот, наредниот работен ден не треба да почне порано од 10:30 часот односно растојанието помеѓу два работни дена треба да изнесува минимум 12 часа.

Во деновите кога нема концерт, пробата може да се одржи после пладне но не треба да започне порано од 17:00 часот ниту да започне по 18:30 часот, односно не треба да заврши подоцна од 22:30 часот.

• Членовите на оркестарот се должни 15 минути пред почетокот на пробата или концертот да бидат на своето работно место (место каде се одржува пробата) со однапред подготвен нотен материјал.

• Секое ненајавено или неоправдано задоцнување или отсуство ќе се смета како повреда на работните обврски според Законот за работни односи.

• На почетокот на закажаната проба, музичарите се должни да чекаат најмногу 15 минути од закажаниот термин за почеток на пробата. Доколку истата ненајавено не се одржи, го напуштаат работното место и се закажува следната проба. Во ваквиот случај, музичарите кои од погоренаведените причини го напуштиле работното место, се смета како да го исполниле работното време. Лицата кои се одговорни за задоцнувањето и неизвршувањето на работните задачи од овој став, ќе се смета дека сториле повреда на работните обврски,

• На денот на јавниот настап – концертот сите музичари, учесници во истиот, мораат да бидат во објектот каде се одржува настапот, најмалку 30 минути пред почетокот на истиот.

## ДЕЛЕНИ ПРОБИ

• Делени проби се организираат по групи на инструменти (труби, тромбони, саксофони, ритам секција).

• Делените проби се организираат од страна на концерт мајсторите и водачите на група.

• Делените проби се организираат во траење од: 1 (еден) работен час, половина час пауза, 1 (еден) работен час.

## ОБВРСКИ И ПРАВА НА КОНЦЕРТ МАЈСТОРИТЕ

• По потреба закажуваат делени проби со групите за кои ќе водат соодветна евиденција.
• По потреба закажуваат дополнителни проби со одделни групи или на поединци од целиот оркестар.

## ОБВРСКИ И ПРАВА НА ВОДАЧИТЕ НА ГРУПИТЕ ВО ОРКЕСТАРОТ

• Да работат со своите групи во интерес на подобрување на квалитетот на работа.

## ОБВРСКИ И ПРАВА НА ОСТАНАТИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОРКЕСТАРОТ

• Останатите членови на оркестарот се должни да ги слушаат инструкциите на водачите на својата група, концерт мајсторите и диригентот.

## IV. ОПШТИ ОДРЕДБИ

• Музичарите се должни да го усогласат својот изглед со работното место и да се придржуваат кон следните општи правила: на работа да доаѓаат со чиста и уредна облека и обувки, со внимание кон личната хигиена. Забрането е носење на кратки панталони, маици без ракави, тренерки.

• Музичар кој ќе биде отстранет од проба или настап поради некоја од наведените работи во претходниот член, ќе биде соодветно опоменат или казнет.

• На јавни настапи музичарите треба да бидат облечени во темни костими, со долги панталони и црни чевли. (По исклучок, зависно од настанот претходно може да се договори друг соодветен изглед.)

Во меѓусебната комуникација и комуникација со трети лица, вработените се должни да се придржуваат кон правилата на општа култура на однесување и чување на угледот на установата.

## V. ГОСТУВАЊА И ТУРНЕИ НА НУ „ЏЕЗ ОРКЕСТАР НА РСМ“ Скопје

• При договарање на гостување (турнеја), директорот треба да ги запознае учесниците и синдикатот со условите за гостувањето.

• Гостувањата (турнеите) мораат да бидат најавени најдоцна 30 дена пред тргнување, а доколку турнејата трае подолго од 30 дена, мора да биде најавена најдоцна 90 дена пред тргнување.

• Кога се најавува гостување (турнеја), мора да биде истакнат список на патници и следниве информации:

- Датум на поаѓање и враќање, бројот и датумите на претставите (настапите) и местото на нивното одржување
- Распоредот на седење во оркестарот
- Распоредот на пробите и нивните саатници;
- Организацијата на превозот, сатниците и условите за сместување;
- Висината на дневниците и динамиката на нивното исплаќање (со претходна согласност на музичарите).

• Гостувањето (турнејата) започнува од моментот на тргнување од местото на поаѓање и од тој момент сите учесници мора да бидат материјално обезбедени.

• За секое патување мора да се одреди водач на патувањето, кој ќе биде одговорен за успешното одвивање на гостувањето и почитување на одредбите од од овој правилник.

**УСЛОВИ ЗА ДОГОВАРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГОСТУВАЊЕ (ТУРНЕЈА)**

• Превозот на оркестарот до местото на гостување, локалниот превоз и враќањето мораат да бидат организирани со комфорни превозни средства и на таков начин што времето на патувањето и маршрутата овозможуваат доволно време за одмор, особено пред настап. Патувањето во текот на еден ден може да трае најмногу 12 часа, со тоа што, тој ден не смее да има проба или настап. Патувањето може да трае подолго во договор со учесниците.

• Установата е должна да ангажира медицинско лице – лекар, за време на патувањето.

• По завршувањето на настапот, на оркестарските уметници мора да им се обезбеди најмалку 10 часа одмор доколку треба да се патува на подолга релација, или до наредните службени обврски. Превозот може да се организира со авион, автобус или воз. За патувања кои се подолги од 900 километри, мора да се организира преноќување или превоз со авион. Доколку се патува ноќно време со воз, мора да се обезбедат коли за спиење. Превозот со автобус се организира преку ден, а доколку треба да се патува ноќно време, треба да се направи во договор со учесниците. Автобусите треба да бидат комфорни, со употребливи клима уреди.

Сместувањето треба да биде обезбедено во хотел со најмалку 3 ѕвезди, двокреветни соби или трокреветни, со бања и тоалет. Сместувањето треба да биде најмногу 1(еден) час возење од местото на одржувањето на настапот.

• Дневниците за гостувањето (турнејата) во Македонија се одредуваат во согласност со важечките прописи. За гостување (турнеја) во други земји, се исплаќа дневница во висина предвидена со закон за патување во државата во која се патува, според службен весник.

• Доколку гостувањето не е влезено во годишната програма, а установата сама го организира гостувањето (турнејата), комплетниот договор мора да биде одобрен од сите учесници.

• Дневниците за гостувањето треба да бидат исплатени најдоцна 24 часа пред поаѓањето.

• Дневниците не смеат да се скратат или намалат, без оглед дали планираниот настап ќе се одржи или не, и дали постои нечија вина или не, или е во прашање виша сила.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ

• Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се применува по добиена согласност од Управниот одбор на Националната установа „Оркестар за џез музика на Р. Северна Македонија" – Скопје.

Директор
Гоце Стевковски